**20121643910**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9 став 4, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 4, член 28 став 6, член 31 став 4, 31-а став 4, и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011 и 26/2012), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 7 декември 2012 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварување на правата од задолжителното здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 54/2012 и 138/2012) во членот 5 став 2 алинеја 2 и став 3 алинеја 2, зборовите „на пропишан образец“ се заменуваат со зборовите „во претходната година“.

Член 2

Во член 49 по ставот 7 се додава нов стан 8 кој гласи:

„Пропишаниот лек на рецепт од дежурен лекар во дежурна служба осигуреното лице, може да го подигне во дежурна аптека и во секоја друга аптека во текот на денот за време на важење на рецептниот образец.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерот за здравство.

| | |
|---|---|
| Бр. 02-22422/3 | Управен одбор |
| 7 декември 2012 година | Претседател, |
| Скопје | **Елена Трпковска,** с.р. |